*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Бр. 09-3043/6*
*17.08.2023*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29, член 38 и член 50 од законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20), градоначалникот на Општина Штип донесе

ОДЛУКА

За организирање на јавна анкета и јавна презентација по ВТОР ПАТ на изготвен УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ТРИ ЧЕШМИ со разработка на блок 4 (плански период 2022-2033) Предлог план , КО Три Чешми, Општина Штип

Член 1

Со оваа одлука се организира јавна анкета и јавна презентација на УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ТРИ ЧЕШМИ со разработка на блок 4 (плански период 2022-2033) Предлог план, КО Три Чешми, Општина Штип.

Член 2

Соопштението за организирање на јавна анкета и јавна презентација ќе биде објавено на веб страната на Општина Штип и во информацискиот систем на е урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип

Член 3

Јавната aнкета и јавната презентација по УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ТРИ ЧЕШМИ со разработка на блок 4 (плански период 2022-2033) Предлог план, КО Три Чешми, Општина Штип ќе се спроведе со излагање на Предлог планот во информацискиот систем на е урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип

Јавната анкета ќе трае 10 работни дена од денот на објавувањето на Соопштението (13 Септември) и тоа од 14 Септември 2023 год (Четврток) и истиот ќе трае до 27 Септември 2023 год (Среда), а јавната презентација со стручно



CamScanner

презентирање на планот ќе се одржи на ден 20 Септември 2023 (Среда), во 11:00 часот во просториите на Сала 2 на Општина Штип.

Член 4

Целокупната документацијата на горенаведениот план ќе биде изложена на јавно место, во информацискиот систен на е урбанизам и во просториите на Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животната средина на Општина Штип

Член 5

Заинтерисаните граѓани и правни лица можат да да ги достават своите забелешки по однос на горенаведената планска документација во електронска форма преку информацискиот систем на е урбанизам или во писмена форма преку архива најдоцна од 15 дена од одржувањето на јавната презентација. Забелешките ќе бидат составен дел од записникот ододржаната јавна презентација, врз основ на кој се изготвува извештајот од стручната комисија формирана од донесувачот на планот.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување.

**ОПШТИНА ШТИП**
Градоначалник
Иван Јорданов

ОпштинаШтипул. „Васил Главинов“ бр. 4Б, 2000 Штип, Република Северна Македонија
Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01
Вебстрана: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk